| | |
|---|---|
| Предмет | АНАТОМИЈА 2 |
| Студиска програма | Општа медицина |
| Код: | CM 121 |
| Студиска година | Прва (I) |
| Семестар | Втор (II) |
| Вкупно часови | 90 |
| Кредити | 7.5 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Потпис од Анатомија 1 |
| Изведува: | Катедра по анатомија |
| Одговорен наставник | Проф. д-р Добрила Лазарова |
| Адреса: | Институт за анатомија, Медицински факултет, 50 Дивизија 6, 1000, Скопје тел: + 389 2 3125 304; e-mail: dlazarova@medf.ukim.edu.mk |
| Клучни зборови | Медицински факултет, додипломска настава, задолжителен предмет, анатомија, граден кош, абдомен, карлица |
| Учебни цели | • Запознавање со дескриптивна и топографска анатомија на ѕидовите на градниот кош, абдоменот и карлицата<br>• Запознавањ е со топографијата на градната, абдоминалната и карличната празнина<br>• Запознавање со морфологијата, градбата и синтопските, скелетотопските и холотопските соодноси на содржината на градната, абдоминалната и карличната празнина |
| Кратка содржина | **Теоретска настава:**<br>• Ѕидови на градниот кош и топографска поделба на градната празнина.<br>• Содржина на плевропулмоналните регии и предниот и задниот медијастинум.<br>• Ѕидови на абдоменот со слаби точки и топографска поделба на абдоминалната празнина.<br>• Содржина на горниот и долниот кат на перитонеалната празнина и ретроперитонеалниот процтор.<br>• Ѕидови на карлица и поделба на карличната празнина на катови.<br>• Содржина на горниот, подперитонеалниот и поткожниот карличен кат.<br>**Практична настава:**<br>• Вежбање на кадавери и тоа:<br>• Регии од граден кош со органи од градната празнина.<br>• Регии од абдомен со органи од абдоминалната празнина.<br>• Регии од карлица со органи на карличната празнина. |
| Организација | **Теоретска настава:** 45 часа<br>**Практична настава:** 45 часа |
| Методи на учење | Интерактивна настава на предавањ а и вежби, самостојно учење од учебни помагала, вежбање на регии на кадавери, вежбање на изолирани органи , компјутерски асистирано учење. |
| Предвидени учебни резултати | **Знаење и разбирање:** Студентот ќе се стекне со знаење за составот на ѕидовите на градниот кош, абдоменот и карлицата; морфологијата и макроскопската градба на органите во градната, абдоминалната и карличната празнина; васкуларизацијата, инервацијата и лимфатиците на градниот кош,абдоменот и карлицата. |

**Клучни вештини**: Препознавање на составните делови на ѕидовите на градниот кош, абдоменот и карлицата. Ориентација во топографијата на градната, абдоминалната и карличната празнина. Препознавање на морфологијата на изолирани органи во градниот кош, абдоменот и карлицата.

**Специфични препораки за наставата**

Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности.

**Бодирањ е на активностите на студентот**:

| Вид на активност | | Бодови | |
|---|---|---|---|
| | | Мин | Макс |
| Теоретска настава | | 1 | 2 |
| Практична настава | | 4 | 6 |
| Семинарска работа | | 1 | 2 |
| Континуирана проверка-1 | | 12 | 20 |
| Завршен испит | Завршен тест | 30 | 50 |
| | Практич. испит | 12 | 20 |
| **Вкупно:** | | **60** | **100** |

**Условувачки критериуми за проверка на знаење**:

1. За да добие потпис студентот треба да освои минимум бодови од теоретска и практична настава и да изработи семинарска работа
2. За да пристапи кон завршен испит студентот треба да освои минимум бодови од континуираната проверка.
3. Ако студентот не освоил минимум бодови на континуираната проверка, пристапува кон комплетен завршен испит*.

**Проверка на знаењата**

**Континуирана проверка на знаењата - 1 (усмено)**

1. Граден кош 12-20 бода

**Завршен испит: завршен тест + практичен испит**

1. Завршен тест: абдомен и карлица 30-50 бода
2. Практичен испит: регии од абдомен и карлица 12-20 бода

**Комплетен завршен испит***: претставува комбинација на тестот од неположена континуираната проверка и завршниот испит

* Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности

**Учебни помагала**

О сновни*:

- Анатомија на човекот - Граден кош
- Анатомија на човекот - Абдомен
- Анатомија на човекот - Карлица
- Анатомски атлас на човекот: F.N.Netter

* Автори на основните учебни помагала се членови на Катедрата по анатомија